Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
С К О П Ј Е
Примено: 07-03-2023
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 68/5 | | |

До

Наставно-научниот совет
на Филолошки факултет
„Блаже Конески“
Скопје

Со одлука бр. 08-68/2 од 16.02.2023 година донесена на 84 редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје одржана на 15. 02. 2023 година избрани сме за членови на комисијата за избор на демонстратор за студиската програма по албански јазик и книжевност по предметот Теорија на албанската книжевност 2 (2+2) во летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Избраната Комисија во состав: д-р Мирлинда Крифца Беќири, редовен професор, д-р Теута Арифи, доцент, и д-р Лулјета Адили Челику, доцент, изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледување на доставената документација, го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

## за избор на демонстратор за студиската програма Албански јазик и книжевност по предметот Теорија на албанската книжевност 2 (2+2) во летниот семестар во академската 2022/2023 година

На објавениот интерен оглас на веб-страницата и на огласната табла на Факултетот за еден демонстратор за студиската програма Албански јазик и книжевност по предметот *Теорија на албанската книжевност 2* (2+2) во летниот семестар во академската 2022/2023 година се пријави еден кандидат и тоа Анеса Рамадани.

Кандидатката Анеса Рамадани е родена на 24.01.2000 година во Скопје. Основното образование го завршила во Основното Училиште „Хасан Приштина„ – во Скопје во родниот град, додека средното образование го завршила во Средното Медицинско Училиште „Д-р. Панче Караѓозов„ во Скопје (2014-2018). Дипломските студии ги завршила во Групата албански јазик и книжевност-наставна насока про Филолошкиот факултет „Блаже Конески„ во Скопје (2018-2022) со вкупно 240 кредити, со средна оценка 9.48, и се здоби со звањето *Дипломиран професор по албански јазик и книжевност*.

Во учебната 2022/2023 година, кандидатката Анеса Рамадани се запиша на втор циклус студии, на студиската програма Наука за книжевност – потпрограма Албанска книжевност и културолошки студии при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Кандидатката Анеса Рамадани во текот на студиите, (3.10.2021 – 1.4.2022) работела како практикант- лектор во Агенцијата за Примена на Албанскиот јазик. Од 1.10.2022 година е ангажирана како демостратор по предметот Теорија на албанската книжевност 1 (2+2) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески„ во

Скопје. Од 16.02.2023 работи и како Преведувач /лектор од македонски на албански јазик и обратно во Министерството за финансии.

Во претходниот семестар, кога беше ангажирана како демостратор по Теорија на албанската книжевност 1, кандидатката Анеса Рамадани се докажа дека добро ја совладува материјата и беше многу добро прифатена од страна на студентите.

Кандидатката Анеса Рамадани, како што се гледа од приложената документација освен албанскиот јазик, го познава и македонскиот, англискиот и турскиот јазик, додека од компјутеските вештини ги совладува програмите: Microsoft Word, Microsoft Excel, Microsoft Power Point, Microsoft Outlook и Adobe Photoshop.

Врз основа на гореизложеното, Комисијата заклучи дека кандидатката Анеса Рамадани поседува дидактички и стручни квалитети и според Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува условите за избор на демонстратор.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на доставената документација и личното познавање, Комисијата заклучи дека кандидатката Анеса Рамадани ги исполнува условите за избор на демонстратор.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје да ја избере кандидатката Анеса Рамадани за демонстратор на студиската програма Албански јазик и книжевност по предметот Теорија на албанската книжевност 2 во летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Скопје, 07.02. 2023 год.

Комисија:

1.д-р Мирлинда Крифца Беќири, ред. проф.

1. д-р Теута Арифи, доцент

2. д-р Лулјета Адили Челику, доцент